ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-179/8**

**Дата: 22.03.2016**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државен завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за економија (во понатамошниот текст министерството) на сметка на основен буџет (631), за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката на основниот буџет (631) на Министерството за економија изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година, при што е утврдено дека истите се спроведени, освен една препорака, чие спроведување е делумно.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија за 2011 година и изразено е воздржување од давање на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (631) , кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2011 година на Министерството за економија при што ревизијата се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази неповолно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ваљон Сараќини, министер од 04.08.2011 година до 26.06.2014 година
- Беким Незири, министер од 27.06.2014 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за економија

на РМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.09.2015 – 18.12.2015 година кај Министерство за економија од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2011 година, при што е констатирана дека најголем дел од препораките се имплементирани. Од вкупно дадените 6 препораки, 4 се спроведени, една е делумно спроведена, а една не може да се спроведе поради изменети околности.
Во Прилог 1 кон овој извештај дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2011 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица во субјектот – предмет на ревизија на 17.12.2015 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење без резерва - за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за економија – сметка на основен буџет – 631, на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење без резерва - за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за економија – сметка на основен буџет - 631, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Сметка на основен буџет (631)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 3.257 | 6.376 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 8.954 | 6.399 |
| **Вкупно приходи** | | **12.211** | **12.775** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 8 | 2.816 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 9.094 | 90 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **9.102** | **2.906** |
| **Вкупно расходи** | | **9.102** | **3.821** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3 | 3.109 | 8.954 |

**Сметка на основен буџет (631)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 3.109 | 8.954 |
| Побарувања | 4.1.2 | 2.163 | 3.171 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3 | 6 | 6 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.4 | 84 | 84 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 1.271 | 758 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.633** | **12.973** |
| **Вкупна актива** | | **6.633** | **12.973** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1 | 1.144 | 675 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.2 | 127 | 75 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.3 | 0 | 8 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4 | 5.362 | 12.215 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6.633** | **12.973** |
| **Вкупна пасива** | | **6.633** | **12.973** |